**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ТРИЕСЕТ И ПЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 24.01.2020 година

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2020 ГОДИНА**

# З А П И С Н И К

**Од Триесет и петтата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.01.2020 година**

Седницата започна во **12,30 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и претставници на подносители на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

Пред утврдување на дневниот ред за работата на седницата на советот, Претседателот го информираше светот дека стручната служба постапи по задолжениеto дадено на минатата седница, односно до министерството за информатичко општество и администрација е упатено барање бр.09-5446/1 од 25.12.2019 година за стручно толкување на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор а кое се однесуваше на надлежноста за давање на согласност на Предлог-Годишните планови за вработување на општинските основни училишта за 2020 година. **Заклучно со 24.01.2020 година, одговор сеуште не е добиен**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на предложениот дневен ред.

Согласно извештајот на комисијата за општествени дејности, бр.09-221/2 од 22.01.2020 година, се предлага дополнување на предложениот дневен ред, со следната точка:

**36.** Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2020 година.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со точката **"36"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложената точка "36" е составен дел на предложениот дневен ред.

Предлози за **изменување** на предложениот дневен ред:

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Предлагам точката 36 да се разгледува како точка **"1"**, а точките редоследно од 1-35 да се разгледуваат како точки редоследно од **"2 - 36"**.

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката 36 да се разгледува како точка **"1"**, а точките редоследно од 1-35 да се разгледуваат како точки редоследно од **"2 - 36"** беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката 36 ќе се разгледува како точка **"1"**, а точките редоследно од 1-35 ќе се разгледуваат како точки редоследно од **"2 - 36"** од предложениот дневен ред.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во име на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата "За подобра Македонија" предложи точката "**36.**Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 08, Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје" да се **симне** од предложениот дневен ред.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Пред ставање на предлогот за симнување на точка 36 од предложениот дневен ред на гласање, укажа на одредбите од член 39 став (1) од ЗПУП, каде е наведено следното:

"Градоначалникот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје е должен најдоцна три работни дена по добивање на согласноста од член 38 став (2) на овој закон, а доколку не е издадена согласност и не е доставено известување за констатирани недостатоци на урбанистичкиот план, по истекот на рокот за издавање на согласност утврден во член 38 став (2) на овој закон, да го достави предлогот на планот во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам, до Советот на општината, општината во Градот Скопје и Градот Скопје а претседателот на Советот е должен предлогот на планот да го стави на првата наредна седница на Советот, а Советот е должен да одлучи по истиот на истата седница."

Предлогот за изменување на предложенот дневен ред - точката 36 да се симне од предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **14 гласа "ЗА" и 9 гласа "ПРОТИВ"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точката "36" е симната од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **25 глас "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2020 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2019 година;
3. Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци;
4. Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година;
5. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година;
6. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
7. Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи;
8. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година;
9. Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година;
10. Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година;
11. Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година;
12. Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
13. Предлог - Програма за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
14. Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2020 година;
15. Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година;
16. Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година;
17. Предлог - Програма за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
18. Предлог - Програма за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
19. Предлог - Програма за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година;
20. Предлог - Програма за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година;
21. Предлог - Програма за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година;
22. Предлог - Програма за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година;

23. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година;
24. Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година;
25. Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година;
26. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година;
27. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година;
28. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2020 година;
29. Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година;
30. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година;
31. Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва;
32. Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година;
33. Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година;
34. Предлог - Препорака до Градоначалник на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба; и
35. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца во Општина Гази Баба, за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2019 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.01.2020 година.

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Даде предлог во првиот ребаланс на буџетот за 2020 година да се предвидат средства за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за хортикултурно уредување на паркови и зелени површини на подрачјето на општината, во висина од 2 - 3.000.000,00 денари, се со цел хортикултурното уредување во општината да не зависи од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Даде дополнување на предлогот на советник Алкександар Трајковски, односно предложи работата на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје да биде организирана во соодветни одделенија - за јавна хигиена и чистота, за водоснабдителни услуги, за канализациони системи, за хортикултурно уредување итн.. Истакна дека е неопходен кадар и соодветна мегханизација, финансиски средства и логистика која општината треба да му ја пружи на јавното претпријатие, но и самото претпријатие мора да обезбеди финансиски средства од сопствените приходи. Во ребалансот на буџетот планиран отприлика во месец април се планираат средства кои се однесуваат на ботаничката градина која е во непосредна близина. Идејата е биомасата која се исфрла да се претвори во хумус и за тоа ќе биде потребен ангажман на најмалку 10 работници од јавното комунално претпријатие, односно формирање на посебно одделение. Дотогаш обезбедени се заедно со ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје 10.000.000,00 денари за хортикултурно уредување во општината.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Даде поддршка за идејата за организирање на работата во јавното комунално претпријатие во одделенија, со посебен акцент на потребата за посебно одделение за одржување на канализациони системи.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2019 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - План за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на нова детска градинка во населено место Стајковци, со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за еднакви можности на жените и мажите - **Мартина Наумовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Истакна дека има можност и простор за оваа Предлог-Програма да се определат и дополнителни финансиски средства во првиот ребаланс на буџетот за 2020 година.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Го информираше советот дека со одлука на управниот одбор на ЗЕЛС е дел од работниот тим на ЗЕЛС кој ќе учествува во изготвување на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на ниво на ЗЕЛС.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.08-276/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.08-276/1 од 23.01.2020 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Го образложи поднесениот амандман бр.08-276/1 од 23.01.2020 година со измените во текстот, како и останатите поднесени амандмани: бр.08-277/1 и бр.08-278/1 од 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот (со измените во текстот) бр.08-276/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата и Предлог-Буџетот за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалник на Општина Гази Баба - Борис Георгиевски, Претседател на Совет - Тони Бојковски и член на совет - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија").

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2020 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за комунални дејности (Ј) на Општина Гази Баба за 2020 година - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, со **26 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2020 година, со **26 глас "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Ристо Донев**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **со измените во текстот** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за култура и културни манифестации на Општина Гази Баба за 2020 година (со измените во текстот), со **25 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.08-277/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.08-277/1 од 23.01.2020 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Го образложи поднесениот амандман бр.08-277/1 од 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.08-277/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата и Предлог-Буџетот за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации на Општина Гази Баба за 2020 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски:**

Од стручната служба сум информиран дека по однос на оваа точка е поднесен **1 (еден) амандман**, и тоа амандман бр.08-278/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градooначалникот на Општина Гази Баба. Ја започнувам амандманската расправа.

***АМАНДМАНСКА РАСПРАВА***

**А М А Н Д М А Н**
(**бр.08-278/1 од 23.01.2020 година**)

Претседателот на Советот го покани предлагачот да го образложи поднесениот амандман.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Го образложи поднесениот амандман бр.08-278/1 од 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по поднесениот амандман, никој не се јави за збор, го заклучи претресот и амандманот го стави на гласање.

Советот го усвои амандманот бр.08-278/1 од 23.01.2020 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"** со што амандманот стана составен дел на Предлог-Програмата и Предлог-Буџетот за 2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година (со амандманот како нејзин составен дел), со **21 глас "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Даде пауза од 5 минути (по сопствена оцена).

**По паузата.**

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за објектите за спорт на Општина Гази Баба за 2020 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за млади на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за млади на Општина Гази Баба за 2020 година, со **22 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за домовите на културата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за училишен спорт на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за тековно одржување на основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за културни манифестации во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за државни натпревари и стипендии на ученици во основните училишта на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за меѓународна соработка на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за сопственичките права на Општина Гази Баба за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен-обележја - **Милица Бубало**, поднесе извештај од седницата одржана на 22.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати апел и го потсети советот и градоначалникот дека на една од претходните седници на која беше присутен лично и се обрати до советот и таткото на загинатиот припадник на безбедносните сили - Кирил Петрушевски, советот беше информиран за поднесено барање за преименување на улица "Зендел Џемаил" во улица "Кирил Петрушевски". Барањето сеуште не ѐ процесуирано до Совет на Град Скопје, како надлежен орган. Истовремено го извести советот дека од истото населено место, граѓаните бараат и подигање на спомен-обележје во чест и сеќавање на загинатиот припадник на безбедносните сили - Кирил Петрушевски.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Оваа и сите останати иницијативи ќе бидат доставени до Град Скопје.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Укажа дека е потребно не само за загинатите бранители да се поведат иницијативи за преименување на улици или именување на паркови во населените места, туку е потребно да се обрне внимание и на сите првоборци и херои кои заслужуваат должна почит и поставување на соодветни спомен-обележја.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за спомен - обележјата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот - Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Градоначалникот и Претседателот на Совет на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за социјална заштита на Општина Гази Баба за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на предучилишни установи на Општина Гази Баба за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на комисијата за заштита и спасување - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 23.01.2020 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2020 година, со **25 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - д-р Сашо Кутлешовски (коалиција "За подобра Македонија") и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата со исправката на техничката грешка и претходно усвоените амандмани ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година (со исправката на техничката грешка и претходно усвоените амандмани), со **26 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за времено финансирање на буџетските потреби на Општина Гази Баба, за период 1 јануари - 31 март 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средствата од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2020 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Препорака до Градоначалник на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија") и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Препораката до Градоначалник на Општина Гази Баба за определување на додаток на плата за посебни услови за работа - работа изложена на висок ризик, како дел од исклучителна компонента на плата, на административните службеници - комунални редари во состав на секторот за инспекциски работи - инспекторат во Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот - Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Дејан Димитровски (коалиција предводена од СДСМ) и претставникот од општинската администрација - Благица Блажевска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03, Блок 03.05, Општина Гази Баба - Скопје, со **26 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Триесет и петтата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **15,20 часот**.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот